СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1353/2021

Дата 16 -09- 2021

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42, став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Чучер Сандево, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на објект со намена лесна индустрија со производство на градежни елементи и производи на дел од КП 3156 , дел од КП 3155,и дел од КП 1613, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево.**

Површината на предметниот опфат изнесува 1.6 ha. Предметниот опфат навлегува во заштитната зона на аеродромот Стенковец и во II и III заштитна зона Бунари Нерези – Лепенец.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y15821** се составен дел на Решението.

3. Реализацијата за изградба на објект со намена лесна индустрија со производство на градежни елементи и производи на дел од КП 3156 , дел од КП 3155,и дел од КП 1613, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уредност на максимално почитување и вградување на нормативните и стандарди за заштита на животна средина.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба на објект со намена лесна индустрија со производство на градежни


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

елементи и производи на дел од КП 3156 , дел од КП 3155,и дел од КП 1613ш, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животна средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

5. Предметната локација се наѓа во границите на втората и третата заштитна зона на бунарите Нерези – Лепенец, заради што треба да се почитуваат одредбите пропишани во Одлуката за уредување на границите на заштитните зони на бунарското подрачје Нерези – Лепенец ( "Службен гласник на град Скопје" бр.14/99).

6. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на објект со намена лесна индустрија со производство на градежни елементи и производи на дел од КП 3156 , дел од КП 3155,и дел од КП 1613, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, задплжително да се земат во предвид претходнонаведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Чучер Сандево, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), ), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УП 36556 до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за **изградба на објект со намена лесна индустрија со производство на градежни елементи и производи на дел од КП 3156 , дел од КП 3155,и дел од КП 1613, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево**. Површината на предметниот опфат изнесува 1.6 ha. Предметниот опфат навлегува во заштитната зона на аеродромот Стенковец и во II и III заштитна зона Бунари Нерези – Лепенец. Површината на планскиот опфат согласно Предлог Планската програма зафаќа делови од катастарските парцели на на дел од КП 3156 , дел од КП 3155,и дел од КП 1613, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево и неговата местоположба е дефинирана во рамките на прикажан графички прилог.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Услови за планирање на просторот за изградба на објект со намена лесна индустрија со производство на градежни елементи и производи на дел од КП 3156 , дел од КП 3155,и дел од КП 1613, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1353/2021 од 14.09.2021 година.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk